**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Конститутивната седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше до изборот на претседател на Собранието господинот Стојан Андов, најстар по години пратеник во Собранието на Република Македонија.

**Стојан Андов:** Дами и гопспода пратеници, почитуввани гости,

Во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија, имам чест да ја отворам Конститутивната седница на Собранието на Република Македонија.

(претседавачот и сите присутни во салата стануваат, а хорот ја исполнува химната на Република Македонија)

Дами и господа пратеници, почитувани гости,

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и члeновите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателот на Државната изборна комисија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, гувернерот на Народната банкас на Репблика Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, Архиепископот Охридски и Македонски, заменикот на Реисул-Улема на Исламската верска заедница, Скопскиот бискуп и Апостолски Егзарх, проповедникот на Евенгелско-Методистичка црква, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија и шефовите на странските дипломатско-конзуларрни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми во мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Пред да почнеме со работа, сакам да се потсетиме на овој датум кога пред 43 години се случи катастрофалниот земјотрес што го разруши Скопје и однесе повеќе од илјада жители. Исто така, сакам да истакнам дека сме горди што граѓаните на Скопје и на нашата држава со солидарноста на целиот свет повторно го изградија и Скопје прерасна во Град на Солидарност, модерен град и престолнина на денешна самостојна Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија;
2. Верификација на мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонијал
3. Избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања за изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
4. Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Пред да преминеме на гласање по предложениот дневен ред, напоменувам дека претседателот на Владата и членовите на Владата кои се избрани за пратеницви во Собранието на Република Македонија гласањето ќе го вршат со кревање на рака бидејќи системот за електронско гласање не дава можност да се гласа од местата определени за Владата.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 78 од вкупно 102 присутни пратеници во салата, за гласале 77, нема воздржани, против гласал 1.

Го молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предложениот дневен ред со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака.

7 пратеници се за предлогот.

Кој е против молам да крене рака.

Нема против.

Дали има некој воздражан?

Нема воздржани.

Благодарам.

Вкупно за гласаа 85 пратеници и еден гласаше против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на првата точка-Избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија**

Според член 11 од Деловникот на Собранието, Верификационата комисија се состои од претседател и четири членови, а ја избира Собранието по Предлог на претседавачот.

За претсердател на Верификационата комисија го предлагам пратеникот Силвана Бонева, а за членови на Комисијата пратениците Благородна Дулиќ, Аднан Јашари, Борис Кондарко и Насер Ајдини.

Отворам претрес по предлогот.

Молам, дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме на ист начин.

Гласале 101 пратеник, 101 за, никој не е воздржан и нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат околу предлогот со кревање на рака.

Осум пратеници гласаа за,

Кој е против, молам да крене рака.

Нема против.

Дали има некој воздржан?

Нема воздржани.

Благодарам.

Вкупно гласаа 109 пратеници, сите гласаа за, немаше воздржан и немаше против.

Констатирам дека за претседател на Верификационата комисија е избрана Силвана Бонева, а за членови на Комисијата се избрани Благородна Дулиќ, Аднан Јашари, Борис Кондарко и Насер Ајдини.

Молам претседателот на Верификационата комисија веднаш да свика седница на Комисијата и да го разгледа Извештајот на Државната изборрна комисија и на Собранието да му поднесе извештај со предлог за верификација на мандатите на пратениците.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата на Комисијата за уставни прашања.

Ја прекинувам седницата за да може Верификационата комисија да одржи седница и да го подготви извештајот.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

(Паузата почна во 10,25 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,15 часот).

**Стојан Андов:** Минуваме на втората точка.

**Верификацика мандатите на пратениците во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Верификационата комисија ви е поделен.

Отворам претрес по Извештајот на Верификационата комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседавач на Собранието, почитувани гости, дами и господа пратеници, Верификационата комисија на ден 26 јули 2006 година го разгледа Извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори за пратеници на Собранието на Република Македонија во 2006 година и врз основа на овој Извештај едногласно утврди предог со кој на Собранието му предлага врз основа на член 12 од Деловникот на Собранието на Република Македониај да ги верифицира мандатите на 120-те избрани ратеницив во Собранието на Република Македонија.

Ја користам оваа прилика на гостите да им се заблагодарам за присуството, а на сите 120 избрани пратеници, за кои Верификационата комисија даде предлог да ни се верификува мандатот, посакувам успешна работа во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Стојан Андов:** Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине претседавач, почитувани колеги, јас во името на пратеничката група на СДСМ и како член на Верификационата комисија, дозволете да го кажам нашиот став во однос на оваа точка од дневниот ред за верификација на мандатите на пратениците.

На седницата на Комисијата што се одржа пред малку, јас гласав за верификација на мандатите на сите 120 пратеници, врз основа на Извештајот на Државната изборна комисија, меѓутоа, таму го поставив и го отворив прашањето, од кое побарав и добивме одговор од претседателот на Државната изборна комисија, кој присуствуваше на седницата, во врска со слуајот со издадената судска потерница, за господинот Даут Реџепи, кој е кандидат на Демократската партија на Албанците, со намера да ни се објасни законската постапка, во врска со изборот и издавањето на уверение од страна на Државната изборна комисија, односно дали постојат евентуално законски пречки за верификација на неговиот мандат.

Одговорот од претседатеот на Државната изборна комисија беше дека целата процедура е спроведена согласно Деловникот и Законот за избор на пратеници, дека не постојат законски пречки. Бидејќи тоа не е наша надлежност, немаме намера да се сомневаме во работата на Државната избрна комисија и затоа и како пратеничка група нема да правиме никаква опструкција и ѓе гласаме и за верификација на мандатот на господинот Даут Реџепи, како и за останатите пратеници, меѓутоа, сепак, останува дилемата, затоа што во најмала рака е проблематично, или не е добро, затоа што не сме имале ваков случај во Република Македонија до сега да се верифицира мандат на кандидат за пратеник со издадена потерница.

Значи, останува дилемата, затоа што едно е да се води судска постапка, кривична постапка за кривично сторено дело, односно да биде покренато обвинение, меѓутоа сосема друг е случајот кога е издадена потерница. Затоа, не сакаме да остане дамка и од тие причини на верификацијата и на изборот на ниту еден од пратениците и од тие причини го отворивме ова прашање, меѓутоа толку е нашата надлежност и моќ како политички став и како пратеничка група, јавно да проговориме за ова. Сепак, тоа е надлежност на Државната изборна комисија и останатите институции. Ние сакавме да го

актуелизираме прашањето, но сепак, одговорот ќе го даде Собранието со гласањето за верификација на мандатите. Повторувам, и покрај нашите забелешки и отворени прашања и дилеми, ние сепак, ќе гласаме за верификација на сите мандати на 120-те пратеници.

**Стојан Андов:** Има збор господинот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине претседавач. Мислам дека не е коректно воопшто, од страна на СДСМ уште на почетокот да ни прави опструкции на првата седница. Нивните цели и намери сигурно не се седницата да се одвива коректно. Господинот што зборуваше пред мене ќе го наречам само така и ќе го потсетам на изјавата на претседателот на неговата партија, на господинот Владо Бучковски, кој што на една заедничка емисија што ја имавме, буквално изјави дека господинот Даут Реџепи треба да биде амнестиран, меѓутоа, тој не бил пред обвинителот. Не е коректно да се ставаат мушички во главата на јавноста, така како што се амнестирани вашите стари пријатели и нови пријатели, почнувајќи од Фазли Велиу и другите, така треба да се амнестира и господинот Даут Реџепи. Значи предметот, или потерницата се смешни и немаат никаква правна основа.

Мислам дека треба да биде поука за сите, да не бараме проблем таму каде што нема проблем. За господинот Даут Реџепи сигурно неправедно е издадена потерница, од страна на вашата Влада и од страна на вашиот министер. Предметот за кој што тој се следи е во однос на конфликтот 2001 година. Тој предмет се предвидува во Законот за амнестија и затоа според тој Закон тој е амнестиран.

Затоа, би го замолил Парламентот да не продолжуваме да расправаме за прашања кои што не ни припаѓаат нам. Благодарам.

**Стојан Андов:** Јас само сакам да ве замолам, ние да си ја тераме нашата работа, а правосудните органи својата.

Има збор господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам господине Андов.

Значи, во духот на конструктивноста која ја најави СДСМ во Парламентот уште еднаш инсистираме на она што Кондарко до крај не го кажа, за да влезе новиот парламентарен состав без никаква дамка.

Јас и понатаму тврдам дека она што го кажав е мое толкување на Законот за амнестија. За да некој го ужива она што Законот за амнестија го дава како привелегија, треба да ја почитува процедурата.

Значи, единствен од поранешните припадници на ОНА, кои не се јавија кај истражен судија да дадат изјава како можност да биде симната судската потерница, е господинот Даут Реџепи Лека.

Нашиот апел беше, бидејќи не го гледам господинот Реџепи овде, да го направи тоа час побрзо,, да може овој парламентарен состав да работи со полн капацитет и да не остане било каква дамка на оваа конститутивна седница. Благодарам.

**Стојан Андов:** Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Добро, тогаш предлагам на линија на тоа што го расправаше господинот Бучковски, да го уверам Парламентот и јавноста дека господинот Даут Реџепи, ќе ја почитува постапката и нормално, ќе даде изјава пред истрачниот судија и верувам дека и тој како и сите други ќе ужива амнестија, или правата на Законот за амнестија. Ви благодарам.

**Стојан Андов:** Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 107 пратеника, 107 гласале за, никој не се воздржал, нема против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Дали некој е против Предлогот? (Никој).

Дали некој се воздржува? (Никој).

За Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија гласаа 115 пратеници, немаше против, и немаше воздржани.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на 120-те пратеници во Собранието на Република Македонија. (Аплауз).

Со оглед на тоа што на претседателот на Владата на Република Македонија и на одреден број на членови на Владата денеска им е верифициран мандатот за пратеници, согласно член 8 став 1 од Изборниот законик им престануваат функциите во Владата на Република Македонија.

Заради обезбедување контитнуитет во работата на Владата на Република Македонија, Владата ќе ги врши само најнеопходните функции до изборот на нова Влада на Република Македонија.

На пратениците кои се носители на функции, кои според член 8 од Изборниот законик овие функции се неспоиви со функцијата пратеник, им престанува функцијата.

Молам да се подели Предлогот за состав на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Процедурално има господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван господине Андов, согласно член 79 став 3 од Деловникот за работа на Собранието, пратеничката група на СДСМ бара еден час пауза за консултации со вас како претседавач денеска, како најстар пратеник на оваа работна седница. Пред се, да се договориме за текот на седницата што претстои, а особено за

тоа, доколку денес нема евентуално, избор на претседател, дали согласно изјавите што ги слушаме во медумите и согласно Деловникот и Уставот, течат роковите за избор на нова Влада. Изразувајќи отворена загриженост за можниот институционален вакум што би се нашол, и би се нашло и Собранието, пред се, сите заинтересирани во Република Македонија, а тоа се пред се, граѓаните. За жал, и покрја тоа што одделни политички партии брзаа со некои неуставни термини, како 19 јули, СДСМ денеска изразува загриженост за можниот институционален вакум во кој би се нашле и зата ги молам сите пратенички групи на консултации со вас.

Барам пауиза од еден час.

**Стојан Андов:** Давам пауза од еден час.

Претставници на пратеничките групи, оние што ја договаравме оваа седница нека дојдат кај мене да одржиме состанок.

(Пауза од 11,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,45 часот)

**Стојан Андов:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

**Минуваме на точката 3 - Избор на претседател, заменик на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.**

Согласно член 19 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието на Конститутивната седница на Предлог на намалку 10 пратеници избира Комисијата за прашања на изборите и именувањата, која ја сочинуваат претседател, заменик на претседателот, 12 членови и нивни заменици.

Група од 11 пратеници поднесоа предлог за избор на претседател, заменик на претседателот, 12 членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, во кој е обезбедена соодветна застапеност од политичките партии.

Отворам претрес по Предлогот за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 89 пратеници, сите гласале за.

Од гласањето никој не е воздржан.

Никој не гласал против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

(5 члена гласале за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека 94 пратеници гласале за предлогот.

Против не гласал никој и воздржан нема никој.

Констатирам дека за претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија се избрани предложените кандидати.

Според Деловникот на Собранието на Република Македонија кандидат за претседател на Собранието предлага Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија. Кандидат за претседател на Собранието може да предложат и најмалку 20 пратеници. Ист пратеник може да биде предлагач само на еден кандидат за претседател на Собранието.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да свика седница на која Комисијата треба да утврди кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата на Комисијата ќе се одржи во салата на Комисијата за уставни прашања.

Ја прекинувам седницата за да може Комисијата за прашања на изборите и именувањата да одржи седница и да му предложи на Собранието кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата ќе продолжи на знак на ѕвоното.

(Пауза од 12,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,50 часот)

**Стојан Андов:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Ве известувам дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 јули 2006 година не утврди предлог за кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија, бидејќи на Комисијата и се потребни дополнителни консултации за утврдување предлог.

Со оглед дека и оваа Комисијата, а исто така и од група пратеници во овој момент нема добиено предлог на кандидат за избор на претседател на Собранието на Република Македонија ја прекинувам седницата на Собранието на Република Македонија.

Седницата ќе продолжи откако ќе добиеме предлог на истите за претседател на Собранието на Република Македонија.

(Седницата прекина со работа во 13,50 часот.)